ЈУ ЗАВОД ЗА СОЦИЈАЛНИ ДЕЈНОСТИ – СКОПЈЕ

**А Н А Л И З А**

***Воспитни мерки за деца во судир со законот***
***кои се применуваат во ЦСР во РСМ***

***- ефекти и унапредување на нивната примена -***

Скопје, декември 2021 година

## *Р Е З И М Е*

Центрите за социјална работа како дел од системот на социјална заштита имаат важна улога во областа на детското престапништво и работа со деца во ризик и деца во судир со законот. Оваа улога е особено значајна бидејќи се однесува како на превенција на детското престапништво и негово спречување, така и во реакција на системот и спроведување на санкции изречени од судот.

Законот за правда за децата предвидува спектар од законски решенија и санкции, како одговор спрема децата кои дошле во контакт или во судир со законот, воедно ги уредува и постапките и надлежностите на секој од секторите задолжен за нивна имплементација.

Овие решенија даваат можност за индивидуален пристап во надминувањето на ризиците кои го довеле секое едно дете да дојде во состојба на ризик или да стори кривично дело или прекршок, како и можност за ресоцијализација, развој и враќање во нормалните текови на живеење.

Законот за правда за децата имајќи ја во вид улогата на Центарот за социјална работа, како орган на старателство во системот на социјална заштита, покрај другите надлежности му го доверил и централно место во организација и спроведување на судски изречените воспитни мерки од засилен надзор спрема децата во судир со законот. Вака дефинираната позиција ја наметна потребата од спроведување на анализа на актуелната пракса во центрите за социјална работа при спроведување на овие санкции, нивниот вид и обем, движење на бројот на деца во судир со законот спрема кои се реализираат во период од три години, начинот и ефектите од нивната реализација, како и детектирање на потребите и предизивиците кои се јавуваат при спроведувањето.

Според добиените податоци во Анализата, бројот на судски изречени воспитни мерки Засилен надзор од страна на родителот/лите, односно стрателот/лите и Засилен надзор од страна на центарот, спрема деца во судир со законот, во 2019, 2020 и 2021 година значајно се намалува споредбено со вкупниот број на евидентирани деца во судир со законот во центрите за социјална работа, кој е континуирано и приближно ист. Така во 2019 година изречени се 432 ВМ-Засилен надзор од страна на родителот/лите, односно стрателот/лите, во 2020 година 204, а до септември 2021 година 215 воспитни мерки. И во однос на ВМ-Засилен надзор од страна на центарот се бележи истиот тренд односно во 2019 година изречени се 408 мерки од страна на судот, во 2020 година 156 и до септември 2021 година изречени се 143 мерки.

Анализата дава информации и за други аспекти поврзани со изречените воспитните мерки спрема деца во судир со законот односно начин на нивна реализација, ефекти, потреби и предизвици како на децата и нивните семејства така и на стручните работници во центрите за социјална работа.

Податоците добиени од Анализата, можат да послужат за идентификување на потребите за унапредување како на квалитетот на спроведени санкции кон децата во судир со законот, така и на ефектите од истите.

## I. НОРМАТИВНА ОСНОВА ЗА ПРИМЕНА НА МЕРКИ НА ЗАСИЛЕН НАДЗОР СПРЕМА ДЕЦА ВО СУДИР СО ЗАКОНОТ

Мерки на засилен надзор спрема деца во судир со законот судот во постапка определена со Закон за правда за децата, може да ги изрече на дете од 14 до 18 години поради дејствие предвидено со закон како кривично дело или прекршок. Овие санкции се правна последица на дејствие со закон предвидено како кривично дело или прекршок, кои се состојат во помош и заштита или ограничување или одземање на определени слободи и права на детето.

### 1.1. Засилен надзор од страна на родителите/или/от, односно старателите/или/от

Законот за правда за децата во чл. 41 предвидува Судот да ја изрече оваа воспитна мерка ако родителите/или/от, односно старателите/или/от пропуштиле, а биле во можност да вршат надзор над детето. Со нејзино изрекување Судот ќе им наложи на родителите/или/от, односно на старателите/или/от одредени должности во поглед на мерките што треба да се преземат за воспитување на детето, за негово лекување и за отстранување на штетните влијанија врз него, а може да им даде и потребни упатства. Оваа мерка не може да трае помалку од една година ниту подолго од три години, за што Судот дополнително одлучува за престанок.

### 1.2. Засилен надзор од страна на згрижувачко семејство

Ако родителите/или/от, односно старателите/или/от на детето не се во можност да вршат надзор над него или ако тоа основано не може да се очекува од него, детето ќе му се предаде на згрижувачко семејство кое сака да го прими и кое има можност да врши засилен надзор над него. Извршувањето на оваа мерка ќе се запре кога родителите/или/от, односно старателите/или/от на детето ќе се здобијат со можност да вршат засилен надзор над него или кога според резултатите на воспитувањето и превоспитувањето ќе престане потребата од засилен надзор.

До сега оваа мерка судот ја нема изречено, од причини што се уште системот за социјална заштита не располага со специјализирани згрижувачки семејства кои би можеле да одговорат на потребите на децата во судир со законот.

### 1.3. Засилен надзор од страна на центарот

Член 43 од Законот за правда за децата предвидува доколку родителите/или/от, односно старателите/или/от не се во можност да вршат засилен надзор над детето, а не постојат услови за предавање на детето на згрижувачко семејство заради вршење ваков надзор, детето ќе се стави под надзор на центарот за социјална работа.

Судот дополнително ќе одлучи мерката да престане, со тоа што нејзиното траење не може да биде пократко од една ни подолго од три години. За времетраењето на мерката детето и натаму останува да живее кај своите родители/или/от или кај други лица кои го издржуваат, а засилениот надзор врз него го врши центарот.

Ако детето не може да остане во семејството во кое живеело, центарот за социјална работа може да го смести во воспитна установа и ќе се грижи за неговото школување или вработување, за издвојување од средината што штетно влијае врз него, за потребното лекување и за подобрување на приликите во кои живее.

### 1.4. Посебни обврски кон мерката засилен надзор

Законот за правда за децата предвидува при изрекувањето на некоја од воспитните мерки на засилен надзор, судот може на детето да му одреди една или повеќе посебни обврски ако тоа е потребно за поуспешно извршување на изречената мерка.

Судот може на детето да му одреди широк спектар на обврски, кои се предвидени во чл.44 како на пример, да му се извини лично на оштетеното лице, да ја поправи или надомести штетата предизвикана со стореното дејствие, редовно да го посетува училиштето, да му забрани употреба на алкохолни пијалаци, дрога и други психотропни супстанции, да се упати во соодветна здравствена установа или советувалиште, да се вклучи во работа на хуманитарна организација, комунална, еколошка или невладина организација и други.

Судот може, по предлог од центарот, да ги измени или укине посебните обврски што ги одредил. При одредувањето на обврските, судот посебно ќе им
укаже на детето и на неговите родители, односно старатели во случај тоа да не ги исполни обврските, мерката може да му биде заменета со упатување во центар за деца или со заводска мерка.

При тоа центарот за социјална работа врши постојан надзор и му помага на детето во исполнувањето на одредените обврски, соработува со родителите и го известува судот најмалку еднаш на шест месеци за постигнатиот успех во спроведувањето на посебните обврски.

## II. УЛОГАТА НА ЦЕНТАРОТ ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА ВО ПРЕДЛАГАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ВОСПИТНИТЕ МЕРКИ

### 2.1. Центарот за социјална работа во фаза на процена и поднесување на наод и мислење на стручен тим/ извештај за детето до судот со или без предлог санкција

Критериумите за примена на некоја санкција спрема дете во судир со законот, особено за примена на мерките на засилен надзор се комплексно прашање и го засегаат не само детето туку и неговото семејство и секторите во системот за заштита и правда за децата. Судот е овластен да ја изрече санкцијата, но центарот за социјална работа има надлежност да помогне при оценката на судот да избере најадекватната санкција за детето. Затоа процената која ја спроведува центарот за социјална работа треба да е навремена, соодветна и пропорционална на потребите, ризиците и потенцијалите на детето и неговите родителите (семејството), како и добро аргументирана и образложена во извештајот/наодот кој се доставува до Судот.

Центарот за социјална работа може да биде известен од страна на Јавното обвинителство и Судот дека е поведена подготвителна постапка за детето и од центарот преку Советот за деца на основниот суд да побара:

1. По чл.111 во рок од 15 дена доставување на наод и мислење од стручен тим за околностите на делото и личноста на детето со мислење за санкција што треба да му се изрече на детето и
2. По чл. 113 во рок од 30 дена доставување извештај за околностите потребни за оцена на неговата душевна развиеност, возраста на детето, средината и приликите во кои живее и другите околности кои се однесуваат на неговата личност, како и

информации за преимена на санкција изречена за порано сторено дејствие што со закон е предвидено како кривично дело.

По добиеното барање од Суд, центарот за социјална работа презема активности преку водителот на случај и самостојните стручни работници кои го сочинуваат стручниот тим од социјален работник, психолог, педагог и правник. При тоа потребно е во предвид да се земе возраста на детето, развојот и зрелоста на неговата личност, неговото однесување, афинитети, семејната и поширока средина во која растело и се развивало, капацитетите на родителите/старателите кои се грижеле за него, како и влијанија кои претставувале дополнителни фактори на ризик. Значајна е анамнезата на семејниот систем, ризици со кои се соочуваат, справување со претходни предизвици, модел на воспитување на детето и разрешување на конфликти како и евентуално згрижување на детето од страна на системот на социјална заштита и претходно преземени мерки за помош и заштита, како и изречени санкции.

За процена и изготвување на наод и мислење на стручен тим се користат методи, техники и скали за проценка во работа со детето и неговото семејство, соработка или посета на лица и/или институции кои се значајни за детето и семејството и кои може да бидат добар ресурс за информации. Особено значајна е соработката со членови на поширокото семејство, училишта, спортски клубови, здруженија во кои е вклучено детето, локалната заедница, полиција, јавно обвинителство, здравствен сектор (матичен лекар, специјалисти, здравствени установи). Примената на методите и техниките за процена даваат подобар квалитет, тежина и аргументираност на дадените стручни мислења и предлогот за изрекување на санкцијата.

## 2.2. Центарот за социјална работа во фаза на спроведување на изречената санкција од страна на судот

По процената и до добивање на Решение од судот за изречена санкција, центарот за социјална работа односно водителот на случај заедно со самостојните стручни работници, детето и неговите родители/старатели изработуваат индивидуален план со предвидени активности, рок, динамика и извршители и работат со детето на санирање на приоритетните ризици проценети кај него и семејството.

По добивање на Решение од судот за изречена санкција, се повикуваат детето и родителите да се известат за значењето на санкцијата, времетраење, нејзината цел и начин на спроведување. По извршена ревизија и евалуација на планот, се изработува нов индивидуален план компатибилен на изречената санкција заради континуитет на активностите. Изречената воспитна мерка, центарот ја спроведува се до нејзино запирање од страна на судот и добивање на решение за истото. За текот, начинот и ефектот од реализацијата на изречената воспитна мерка, центарот го известува судот на секои шест месеци (задолжително за Засилен надзор од страна на центарот) или по барање на судот.

Водителот на случај го спроведува индивидуалниот план со детето и го вклучува целиот стручен тим во спроведување на активностите или може да назначи одговорен самостоен стручен работник. Најчесто тоа е профилот кој има најголем број активности во планот, односно полето за работа со детето и семејството на кое е најприоритетно да се работи. Во планот се наведуваат сите извршители кои му помагаат на детето и семејството и кои имаат одговорност во реализација на активностите Ефектите од изречената воспитна мерка во голема мера зависат од предвидените активности во планот, кои се извршителите на планираните активности, нивната динамика и рокови за реализација, кои се многу важни за детето и неговите родители/старатели за да дојде до очекуваната

промена и позитивен исход, како и за процесот на евалуација и ревизија на самиот план. Со планот детето и семејството се учат на граници, прифаќање на водство, промени, постигнување на цели и одговорност за постапките.

Со планот и вклученоста на целиот стручен тим, центарот како орган за старателство зависно од изречената воспитна мерка предвидува и работи на конкретни сфери/области од животот на детето и неговото семејство преку кои се гледаат и разликите во двете воспитни мерки.

### 2.2.1. Центарот за социјална работа во спроведување на воспитната мерка „Засилен надзор од страна на родителите/или/от,односно старателите/или/от“

Во реализација на оваа воспитна мерка, Судот ја доверил одговорноста на родителите/старатели кои се непосредни извршители, изразил верба во нивните родителски капацитети кои може да му помогнат на детето да направи позитивна промена.

Улогата на центарот за социјална работа е во делот на надзор како родителите ја вршат родителската функција, дали истата е ефикасна и ефективна во однос на промените кај детето, а на тој начин индиректно го следи детето. Преку индивидуалниот план и предвидените активности, центарот треба да го следи извршувањето на оваа мерка односно дали и како родителите/старатели се справуваат во грижата и заштитата на детето од различни негативни влијанија, дали успешно управуваат со промената која треба да се постигне кај детето, во кој дел им треба помош и поддршка и зајакнување на нивните капацитети.

Во текот на реализација на мерката може да има осцилирање на родителската капацитетност да одговорат на сите предизвици со детето, центарот тоа треба навреме да го воочи и да даде помош и поддршка. Во овој дел центарот треба да ги искористи сите сопствени ресурси, компентенции и методи за работа односно спроведување на советодавна и советувалишна работа со родителите и детето, увиди во нивниот дом, упатување на родителите во програма за зајакнување на нивните капацитети, помош во образовната сфера, разрешување на конфликтите и други предизвици. При тоа центарот треба да ги искористи ресурсите од други институции и даватели на услуги, да соработува со нив, да го упатува семејството и да ги следи ефектите. Да се потенцираат и користат силните страни на семејството, но и да се зајакнуваат слабите страни за да бидат подготвени за самостојно справување со други и нови предизвици во семејното и општествено живеење. Доколку родителите не успеат да ја оправдаат довербата која им ја доверил судот и кај детето не се случат очекуваните позитивни промени во однесувањето, може да се случи судот да ја промени санкцијата.

### 2.2.2. Центарот за социјална работа во спроведување на воспитната мерка „Засилен надзор од страна на центарот“

За спроведување на мерката засилен надзор од страна на центарот, овластен и задолжен е органот за стартелство односно центарот за социјална работа преку стручниот тим. Кога мерката засилен надзор од страна на родители нема да го даде очекуваниот ефект и/или детето продолжува со вршење на кривични дела, а родителите не може да се справат со таа состојба, судот довербата му ја предава на центарот за социјална работа. Тоа значи дека улогата на центарот за социјална работа при реализација на оваа мерка е

различна, поинтензивна и поспецифична од претходната воспитна мерка -засилен надзор од страна на родители. Потребно е планот да предвидува повеќе активности и задолженија на стручниот тим кои ќе бидат насочени и кон детето и кон родителите, со поголем интензитет и динамика, заради остварување на поспецифични цели.

Водителот на случај/назначениот стручен работник заедно со сите членови на стручниот тим, детето и родителите (по потреба и други вклучени лица и/ или институции во/вон ситемот на социјална заштита), изготвуваат план и го следат извршувањето на активностите кои треба да се во насока на промени. Водителот на случај/назначениот стручен работник се грижи за здравјето и развојот на детето, за текот на неговото школувањето или работниот процес доколку тоа е работно ангажирано, за семејството, семејните прилики и семејното опкружување (одржување на релации, динамика, позиции, конфликти и сл.) во кое тоа расте, влијанието од социјалната средина и врсничката група. Помага во поддршка на процеси важни за детето и семејството од материјално-социјален и стамбен аспект, здравствени проблеми, административни бариери со други институции и сл. Доколку има и посебни обврски кон изречената мерка, истите треба да се земат во предвид, преку активности да бидат инкорпорирани во планот и интензивно да се работи на нивно реализирање.

Се користат сите расположливи ресурси во и надвор од системот на социјална заштита , со чести посети во домот, контакти со членови на семејството, соработка со училиштето, здравствени институции и др. Доколку детето или родителите не се придржуваат кон планот, центарот за социјална работа задолжително го известува надлежниот суд.

## III. МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП ВО СОБИРАЊЕ И ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИ

Предмет на анализата е актуелната пракса во центрите за социјална работа при реализирање на воспитните мерки од засилен надзор, вид и обем на овие санкции, движење на бројот на деца во судир со законот спрема кои се реализираат во период од три години, начин и ефектите од нивно спроведување, како и потреби и предизивици при нивно реализирање. Овие податоци ќе послужат за дефинирање на препораките за унапредување на квалитетот и ефектите од спроведени санкции кон децата во судир со законот.

За потребите на анализата, ЈУ Завод за социјани дејности - Скопје, изработи и електронски спроведе анкетен прашалник во сите 30 центри за социјална работа во РС Македонија. Истражувањето беше насочено кон повеќе области:

- идентификување на причини/ризици кои придонесуваат изречената воспитна мерка да нема позитивен ефект;
- знаења и компетенции на стручните работници во центрите за работа со деца во судир со законот, примена на методи, техники и скали за проценка и реализација на воспитните мерки, примена на активности и услуги;
- соработка со институции и даватели на услуги;
- предизвици и тешкотии со кои се соочуваат при реализација на мерките;
- потреби за стручно усовршување на стручните работници во центрите.

### 3.1. Анализа на добиените податоци

**1.** Преглед на изречени воспитни мерки спрема деца во судир со законот по години.

Табела бр.1:

| **1.Изречени воспитни мерки од Судот спрема деца во судир со законот - Засилен надзор од страна на родителите/от односно старателите/от** | | |
|---|---|---|
| 2019 година | 2020 година | 2021 година (до септември) |
| **432** | **204** | **215** |

Од табела бр. 1, може да се констатира дека во 2019 година изречени се воспитни мерки спрема најголем број деца, а во наредните години бројот на мерки опаѓа речиси за половина. При тоа, треба да се земе во предвид влијанието на пандемијата и карантинските услови на живот. Од годишните извештаи на ЈУ Завод за социјални дејности - Скопје за примена на Законот за правда за децата во центрите за социјална работа, вкупниот број на новоевидентирани деца во судир со законот во тековните години (2019, 2020 и 2021 година) е приближно ист за сите три години, а бројот на изречени воспитни мерки од засилен надзор опаѓа. [1]

Вкупен број на новоевидентирани деца во судир со законот во тековната 2019 година е 662, во 2020 година е 620, а до септември 2021 година евидентирани се 499 деца. Причините за оваа состојба може да бидат мултифакторски и истите потребно е дополнително да се истражуваат. Во оваа анализа може само да се набројат хипотетички причини, како што е намалената реакција на системот за правда за децата во услови на пандемија, примена на мерки на одвраќање од страна на ОЈО и сл.

Табела бр.2:

| **1.Изречени воспитни мерки од Судот спрема деца во судир со законот - Засилен надзор од страна на центарот, а претходно им била изречена воспитната мерка - Засилен надзор од страна на родителите/от односно старателите/от** | | |
|---|---|---|
| 2019 година | 2020 година | 2021 година (до септември) |
| **169** | **256** | **258** |

Во ситуација кога воспитната мерка „Засилен надзор од страна на родителот/лите, односно старателот/лите" не ги дала очекуваните ефекти кај децата и нивните родители, Судот може да им го зголеми надзорот и да изрече „Засилен надзор од страна на центарот". Податоците укажуваат на зголемен број на вакви случаи на годишно ниво

[1] Извештај за примена на Законот за правда за децата од страна на центрите за социјална работа во РС Македонија - ЈУ Завод за социјални дејности-Скопје, 2019, 2020 и 2021 година

(табела бр.2). Тоа значи дека родителите, нивните родителски капацитети и влијанието кое треба да го имаат врз детето се недоволни за помош и поддршка на детето и потребно е зајакнување на надзорот. Како претпоставени причини може да биде и слабата соработка и надзор над вршење на родителската улога од страна на центрите за социјална работа или од страна на родителите кои не ги прифаќале насоките од центарот и недоволно соработувале со него. Стручните работници од центарот во прашалникот ги изразија своите мислења, ставови и искуства кои се презентирани во текстот подолу, во делот 2.

Табела бр.3:

| **1.Изречени воспитни мерки од Судот спрема деца во судир со законот на кои за прв пат им е изречена воспитната мерка - Засилен надзор од страна на центарот** | | |
|---|---|---|
| 2019 година | 2020 година | 2021 година (до септември) |
| **408** | **156** | **143** |

Во овој случај каде бројот на изречени мерки „Засилен надзор од страна на центарот" опаѓа низ годините (табела бр.3), а бројот на евидентирани деца во судир е речиси идентичен, оди во прилог на посоодветна реакција на системот која е во духот на Законот за правда за децата и користење на оваа мерка како крајна опција детето да не е лишено од слобода, а да има можност за промена. Претпоставка е дека се применуваат мерки за одвраќање од ОЈО, се почитува принципот на постапност во изрекување на воспитните мерки и давање приоритет на другите заштитини и воспитни мерки. Сепак за причините зошто како прва се изрекува воспитната мерка „Засилен надзор од страна на центарот" спрема децата во судир со законот, стручните работници од Центарот ги изразија своите мислења, ставови и искуства кои се презентирани во текстот подолу, во делот 3.

**2.** Од анализа на добиените податоци за мислења и ставови на стручните работници во центрите за социјална работа за најчестите причини поради кои воспитната мерка „Засилен надзор од страна на родителот/лите, односно стрателот/лите" немала ефект врз детето, посочуваат повеќе причини кои се систематизирани во три поголеми групи на ризик фактори:

- Семејството како ризик фактор, односно дисфункционални семејни релации, насилство во семејството, недоволни или намалени родителски капацитети поради примена на индиферентен или попустлив воспитен стил без воспоставени граници и правила на однесување кон детето, неефикасна и неконтинурана соработка на родителите со центарот за социјална работа;
- Влијанието на врсничката група како ризик фактор и други лица од поширокaта социјална средина кои негативно влијаеле врз детето, како и полнолетни лица (во одредени случаи и родители) кои манипулираат со децата заради послаби санкции;
- Недоволна ангажираност на стручните работници од центрите за социјална работа во спроведување на надзорот, слаба соработка со другите институциите и недоволни ресурси во микро и макро средината на детето, како помош и поддршка на детето.

**3.** На прашањето за какви кривични дела или состојби судот изрекува воспитна мерка „Засилен надзор од страна на центарот“ на деца  кои за прв пат се евидентирани во Центарот, стручните работници од цср ги изразија своите мислења и ставови врз основа на професионалното искуство. Сметаат дека специфична е реакцијата на системот кога на дете му се изрекува воспитна мерка „Засилен надзор од страна на центарот“ при негово прво влегување во системот, односно без приемна на други поблаги мерки и нивна постапност. Причина за ваквата состојба е сторување на тешки кривични дела од страна на децата како насилство, полов напад врз дете, разбојништво, напад врз службено лице и други дејствија за кои е предвидена казна затвор. Има ситуации кога детето направило неколку кривични дела последователно во одреден временски период и по негово откривање се земаат во предвид сите дела и се изрекува поголем надзор, секако во комбинација со намалена улога и влијание на родителите и семејството. Во такви случаи сметаат дека постои  потреба од подолготрајни мерки на воспитување, превоспитување или лекување со зголемен надзор, додека не е потребно негово целосно одвојување од семејната средина. Во некои центри за социјална работа немаат вакви примери како во Демир Хисар, Кочани, Крива Паланка, Крушево, Струга и други.

**4.** Во еден аспект од истражувањето беше важно да се констатра кои методи, техники и ресурси се користат во центрите за социјална работа со децата и семејствата за реализација на двете воспитни мерки „Засилен надзор од страна на родителот/лите, односно старателот/лите“ и „Засилен надзор од страна на центарот“, како и дали се разликува пристапот и користените алатки.

Од добиените одговори може да се констатира дека стручните работници во Центарот ги користат истите методи и техники за работа со деца и семејства за спроведување на двете воспитни мерки, но разликата е во начинот, интензитетот и динамиката на следење на предвидените активности со детето и родителите. Најчесто за процена се користи интервју со дете и родител, опсервација, увид во домот, примена на различни скали и техники како генограм, еко мапа, културограм, скала на станбени услови, социограм, скала за емоционална состојба на адолесцентот, прашалник за сили и тешкотии, прашалник за неодамнешни настани во семејството, прашалник за родителски надзор, скала за секојдневни тешкотии на родителите, Конверсова скала за проценка, Профил индекс на емоции (PIE), Тифин тест на интелигенција, проценка на био-психо-социјалниот статус на детето, алатката „Три куќи“, матрица на отпорност и „Триаголникот на мојот свет“.

Се користи стручно советодавно-советувалишна работа со деца и родители, психо-социјална и едукативно-воспитна поддршка на децата. При работа со детето и родителите се задаваат одредени обврски кои треба да ги исполнуваат додека се извршува воспитната мерката, а по потреба се упатуваат во други советувалишта и центри. Во спроведување на воспитните мерки центрите за социјална работа соработуваат со други институции и установи, локалната заедница, училишта, полиција, матични лекари и специјалисти, суд, јавно обвинителство, спортски клубови и др.

За реализација на воспитната мерки „Засилен надзор од страна на центарот“, врз основа на добиените податоци од процената и други информации со кои располага Центарот во соработка со детето и семејството, стручниот тим подоготвува и спроведува програма со мерки и активности за реализација на изречената воспитна мерка, се одредува стручен работник кој постојано и непрекинато ќе се грижи за извршување на надзорот и спроведување на програмата. Програмата се доставува до судијата за деца.

**5.** Согласно Законот за правда за децата, овие воспитни мерки не може да траат помалку од една година ниту подолго од три години, за што судот дополнително одлучува за престанок. Според стручните работници од цср, во пракса двете мерки во просек траат од две до три години, зависно од индивидуалните постигнувања и промени кај детето. „Засилен надзор од родители“ просечно се реализира 18 месеци, а „Засилен надзор од страна на центарот“ трае просечно 20 месеци.

**6.** При реализација на воспитните мерки, центрите за социјална работа најчесто соработуваат со локалната полиција со која остваруваат најкоректна и професионална соработка. Потоа училиштата се јавуваат како релативно добри соработници, како и судот и јавното обвинителство со кои имаат добра писмена коресподенција. Во Скопје, стручните работници соработуваат со преставници од граѓанскиот сектор и ги користат нивните ресурски кои ги развиваат како лиценцирани даватели на услуги. Во Штип и Делчево нема развиено добра мрежа на соработка на локално ниво и се забележуваат недостатоци. Во Виница најмногу соработуваат со основните и средни училишта. Ваквата непостојана соработка со граѓанските организации се должи на фактот што нивните активности се лимитирани од проекти и финансии од донатори, а со тоа не гарантира нивната одржливоста на подолг временски период..

**7.** По реформата во системот на социјална заштита и воспоставување на концептот на интегрирано управување со случаи од страна на водител на случај, согласно систематизацијата сите центри за социјална работа располагаат со различен број на стручни лица распределени на различни работни позиции. Преку прашалникот се мапираа кадровските ресурси во центрите за социјална работа односно број на водители на случај и број на самостојни стручни работници/стручни работници кои работат согласно Законот за правда за децата. Според податоците во сите 30 цср во РСМ на областа правда за децата работат вкупно 187 водители на случај и 51 самостојни стручни работници/стручни работници.

Во одредени центри планирањето/систематизацијата на стручни работници ја следи потребата на корисниците, односно број на жители во месноналежната територија на центарот, но во одредени центри воочена е несразмерност на бројот на стручни лица со број на жители и корисници:

- Центри за социјална работа во големите градови каде распоредот на стручни работници е согласно со бројот на жители, како на пример во Битола 16, Велес 13, Кавадарци 10 Прилеп 13, Скопје 29, Струмица 12, Штип 11;
- Центри за социјална работа во помали градови, каде според број на жители, распоредени се поголем број стручни работници од потребното како 13 во Делчево, Кратово 7, Крива Паланка 13, Ресен 10;
- Центри за социјална работа во големи или средни по големина градови, каде се распоредени помал број стручни работници од потребното, како Гевгелија 4, Гостивар 3, Кичево 4, Куманово 8, неготино 4, Охрид 8.

Имајќи предвид дека водителите на случај/стручните работници од цср работат и на други проблематики согласно интегрираното водење на случај, а сложеноста на предметите е комплексна, овој кадар не е доволен да одговори на потребите и предизвиците на сите евидентирани деца во ризик и деца во судир со законот за квалитетно, унифицирано и долгорочно постапување и преземање активности од страна на цср согласно времетраењето на воспитната мерка.

**8.** Во спроведување на изречените воспитни мерки, за да бидат поефикасни при нивното спроведување и да има ефект врз децата и/или родителите, центрите за социјална работа неопходно е да располагаат со ресурси на локално/регинално ниво. Како неопходни дополнителни ресурси кои би ги користеле за ресоцијализација на децата во судир со законот, од страна на стручните работници предложени се следниве:

- развивање на советувалиште за родители и деца во ризик;
- формирање на локални центри за превенција на детско престапништво, младински центри, Центар за деца во судир со закон;
- организирање на едукативни трибини во соработка со основни и средни училишта, мвр и јавно обвинителство;
- вклучување на децата во општокорисна работа како алтернативна мерка со склучување договори помеѓу Судот и релеватни субјекти на локално ниво, во соработка со општините;
- отварање и достапност на спортски клубови за децата заради позитивно и корисно поминување на слободното време, вклучување на децата во секции и воннаставни активности во училиштата;
- вклучување на децата и родителите во програми за учење на одредени животни и социјални вештини, програми за заштита од зависности, учење на родителски вештини и позитивно родителство и сл.;
- можност за вонредно оформување на образованието, обезбедување и вклучување во обуки за стручно оспособување на децата соодветно на возраста и афинитетот;
- медиумска покриеност во делот на превенција, односно запознавање и подигнување на јавната свест за оваа проблематика;
- формирање на превентивни тимови со претставници од центарот за социјална работа и полицијата кои ќе делуваат локално, како и зајакнување на меѓусекторската соработка;
- развивање на вон-семејни услуги во системот на социјална заштита, како што се групни домови и услуга на дневен престој;
- специјализирани граѓански организации како ресурс за спроведување на воспитните мерки и развивање на менторската програма во центарот за социјална работа;
- судот при изрекување на воспитната мерка („засилен надзор од страна на родителот/лите односо старателот/лите“ и „засилен надзор од страна на центарот) да ги користи одредбите од Законот за правда за децата регулирани со чл.44 од истиот закон (особено во изрекување на посебните мерки бр. 6, 8, 13 и 14 од наведениот член на односиот закон).

**9.** За зајакнување на професионалните капацитетите на стручните работници во центрите за социјална работа за работа на полето правда за децата, според анкетираните потребно е нивно вклучување во обуки за следните теми:

- работа со деца во ризик, работа со деца во судир со законот и нивните родители;
- развивање и примена на програми за зајкнување на родителските капацитети и градење на родителски вештини;
- методи и техники за работа со деца во ризик и судир со закон;
- изготвување на план со мерки и активности за индивидуална работа со детето и родителите;

- креирање и вклучување на децата во ризик и судир со законот во програми за развивање на животни вештини, превенција и заштита од зависности и други програми, со посебен нагласок на искористување на нивните силни страни.
- работа и јакнење на меѓусекторски тимови согласно Закон за правда за децата;
- начини на соочување и справување со стрес;
- прифаќање на различностите и културите;
- системска семејна терапија.

## IV. ЗАКЛУЧОЦИ

1. Бројот на судски изречени воспитни мерки „Засилен надзор од страна на родителот/лите, односно старателот/лите“ и „Засилен надзор од страна на центарот“ спрема деца во судир со законот, во изминатите три години значајно се намалува споредбено со бројот на овие деца евидентирани во центрите за социјална работа, кој е континуирано и приближно ист за горе наведениот временски период.

2. Судот при изрекување на воспитните мерки „Засилен надзор од страна на родителот/лите, односно старателот/лите“ и/или „Засилен надзор од страна на центарот “ се раководи од принципот на постапност, градација и најдобриот интерес на детето, но согласно тежината на кривичното дело/прекршокот, постоење рецидивизам, проценката за ризиците потребите и потенцијалите на детето во судир со законот, како и капацитетите на родителот/лите за справување со развојните предизвици на самото дете и со семејните кризи.

3. Професионалците во цср поседуваат оптимален број на методи, скали и техники кои согласно профилот на стручниот работник од тимот ги користат за проценка на ризиците, потребите и потенцијалите на детето во судир со закон и неговите родители при спроведување и на двете воспитни мерки кои се предмет на оваа анализа.

4. Центарот за социјална работа при спроведување на судски изречената воспитна мерка „Засилен надзор од страна на родителот/лите, односно старателот/лите“ и „Засилен надзор од страна на центарот“ не соработува доволно добро со сите сектори задолжени за имплементација на Законот за правда за децата. Најдобра соработка цср остварува со полицијата, помалку добра со јавното обвинителство, судот и училиштата, додека здравствениот и останатите сектори се најслабата карика во соработката. Центарот ја истакнува потребата од зајакнување на мулти секторската соработка со сите чинители кои согласно Законот за правда за децата се важи и од огромно значење при спроведувањето на овие две воспитни мерки.

5. Центрите за социјална работа генерално не располагаат со доволен и разновиден број на потребни ресурси на локално ниво, што влијае и на успешноста при спроведување на судски изречената воспитна мерка „Засилен надзор од страна на родителот/лите, односно старателот/лите“ или „Засилен надзор од страна на центарот“.

6. Во општините каде постојат ресурси на локално ниво кои Центарот може да ги користи при спроведување на овие две судки изречени воспитни мерки, иститe се дел од проектните активности на граѓанскиот сектор, а се од ограничен и времен карактер и зависат од финансиите на донаторот.

7. Законот за социјална заштита дава можности за развој на голем број социјални услуги од типот на вон-семејна заштита, значајни за успешно спроведување на процесот на ресоцијализација кај децата во судир со законот спрема кои е изречена една од воспитните мерки кои се предмет на оваа анализа.

   Центрите за социјална работа истакнуваат дека генерално има потреба од развивање на социјалните услуги од вон-сеамејна заштита, со особен нагласок на услугата „групен дом“ и „центар за дневен престој“.

8. Податоците од анализата укажуваат дека постои неусогласеност на бројот на стручни работници кои постапуваат со деца во ризик и деца во судир со законот со големината на центарот за социјална работа. Помалите и средни центри за социјална работа имаат повеќе професионалци на работна позиција водител на случај кои работат на проблематиката правда за децата во однос на големите центри. Ваквата распределеност на човечките ресурси во центрите за социјална работа, може да влијае и врз квалитетот при спроведувањето на овие две судски изречени воспитни мерки спрема децата во судир со законот.

9. Стручните лица од центрите за социјална работа имаат потреба од континуирано јакнење и надоградување на нивните професионални капацитети за работа со деца во ризик, деца во судир со законот и нивните родители/семејства, како и оструучување за потесна специјалност при постапување со оваа категорија на корисници, како што се: мотивирање и работа со „тешки“ корисници; контрола на агресивноста и разрешување на конфликти и сл.

## V. ПРЕПОРАКИ

1. Центрите за социјална работа врз основа на идентификувани потреби, да иницираат во својата локална заедница развивање на услуги наменети за деца во ризик и деца во судир со законот кои ќе се користат при реализација на воспитните мерки (услуги во заедницата, центри за дневен престој, советувалишта, клубови за млади и сл.).

2. Во рамките на социјалната превенција преземање на мерки за рано откривање на деца во ризик, организирање на едукативни настани, дебати, трибини, кампањи и проекти за превенција на детско престапништво. Мерките на социјална превенција да се реализираат во соработка со други установи, единиците на локална самоуправа, здруженија. Мерките за социјална превенција да се предвидат во годишната програма на центрите за социјална работа.

3. Со цел унапредување на работата со деца во ризик и деца во судир со законот, вклучување во меѓу секторска работа и обуки со претставници на другите сектори во системот за правда за децата како полиција, јавно обвинителство, суд, образование и други.

4. Оптимизирање и усогласување на бројот на стручните работници кои работат на полето на правда за децата со просечниот број на евидентирани деца во ризик/деца во судир со законот на годишно ниво за секој центар за социјална работа поединечно, како еден фактор за зголемување на ефикасноста и остварување на целите заради кои судски е изречена една од воспитните мерки кои се предмет на оваа анализа.

5. Центрите за поддршка на згрижувачки семејства да реализираат активности за развој на специјализирани згрижувачки семејства за сместување на деца во ризик и деца во судир со законот, согласно утврдените потреби по региони.

Изработиле:

Невена Петровска, д-р на педагошки науки
Снежана П.Мишевска, психолог